**КАМПУС 2**
**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**

**СТУДИСКА ПРОГРАМА**

# БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

**Трет циклус на тригодишни студии**
**180 ЕКТС**
**(2024/2025)**

1. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд

СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Табела 4.1. Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

| СТРУКТУРАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| семестар | Реден број или код | Назив на предмет/ активност | Број на ЕКТС кредити | | Припадност на предмет/активност согласно ЗВО |
| | | | Задолжителни предмети/ активности | Изборни предмети | |
| ПРВ семестар | 2ZF314 122 | Методологија на научно истражувачката работа | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 2ZF305 122 | Хемиски опасности од храна | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВТОР семестар | 2ZF305 622 | Микробиолошки опасности од храна | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 2ZF305 722 | Контрола на квалитетот на храна | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | 2ZF314 222 | Подготовка на пилот истражувачки труд | 5 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.2 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |
| ТРЕТ семестар | 2ZF314 322 | Презентација на пилот истражувачки труд | 30 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.2 независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |
| ЧЕТВРТИ семестар | 2ZF314 422 | Подготовка и поднесување на пријава за тема на докторски труд и истражување | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 изработка на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | 2ZF314 522 | Учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество |
| | 2ZF314 622 | Објавувањето на труд во референтна | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.13 ВО установа нема да дозволи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | научна публикација | | | одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација<br>ч. 136, ст.18, т.5 објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |
| ПЕТТИ семестар | 2ZF314 722 | Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.3 меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој |
| | 2ZF314 822 | Учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество |
| | 2ZF314 922 | Објавување на труд во референтна научна публикација | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.13 Во установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ч. 136, ст.18, т.5 објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |
| ШЕСТИ семестар | 2ZF315 022 | Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект | 30 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| ВКУПНО: 30 ЕКТС | | | | | |

Табела 4.2. Изборни наставни предмети на студиската програма

| Ред. број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2ZF305222 | Анализа и проценка на ризиците и ККТ во безбедноста на храната | 1 | 5 | 41403-друго |
| 2 | 2ZF305322 | Контрола на квалитет на масло | 1 | 5 | 41301 растителна биотехнологија |
| 3 | 2ZF305422 | Производство на конзерви и готови јадења од месо | 1 | 5 | 415 преработка на анимални производи |
| 4 | 2ZF305522 | HACCP теорија и пракса | 1 | 5 | 41403-друго |
| 5 | 2ZF305822 | Сензорна анализа на храна | 2 | 5 | 41403 друго |
| 6 | 2ZF305922 | Инструментални методи | 2 | 5 | 10700 хемија |
| 7 | 2ZF312722 | Проценка на ризици од ГМО | 2 | 5 | 41403 друго |
| | | | | | |

2.Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма.

Доктор по биотехнички науки – Безбедност на храна
Doctor of biotechnical sciences – Food safety

3.Решение за акредитација и Решение за почеток со работа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 07 07 2022
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0801 | 973/7 | | |

Бр. 08-111/8
09. 06 22 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 35 седница одржана на 13.04.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Безбедност на храна", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Годе Делчев" - Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Безбедност на храна", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Годе Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по биотехнички науки - Безбедност на храна /во меѓународен промет академски назив: Doctor of biotechnical sciences – Food safety.

4. Научно - истражувачко подрачје: 4 Биотехнички науки.
Научно – истражувачко поле: 414 Прехранбена технологија
Научно – истражувачка област: 41403 друго (Безбедност на храна).

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Ацо Кузелов, Вон проф. д-р Фиданка Илиева, вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ Величковска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-766/18 од 28.12.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност на храна", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-132/7 од 26.01.2022 година (наш бр. 08 - 111/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 111/5 од 10.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 35-та седница одржана на 13.04.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 27 август 2024 година
Бр. 41-7799/6

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

| Примено: 04 09 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 641/1 | | |

До
Министерство за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-7799/5 од 27 август 2024 година.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Доставено до:
- Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
- Агенцијата за квалитет во високото образование

Прилог: 1


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 август 2024 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-111/6 од 9.6.2022 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, достави Барање бр. 0809-464/1 од 1.7.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-678/1 од 6.7.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-678/2 од 7.7.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.
Комисијата на ден 8.7.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -678/3 од 12.7.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Земјоделски факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24).
Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-7799/ 5**
**27 август 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |